ВЕЧЕР ☆ 27 јануари 1995 година

КУЛТУРА

ВЕЧЕРВА ВО МУЗЕЈОТ НА ГРАД СКОПЈЕ

# РЕТРОСПЕКТИВНА ИЗЛОЖБА ОД СИМОН УЗУНОВСКИ

**Во Музејот на град Скопје, вечерва во 19,30 часот ќе биде отворена ретроспективна изложба – по повод дваесетогодишното творештво – на дела од Симон Узуновски. Изложбата ќе ја отвори г. Ѓунер Исмаил.**

Симон Узуновски е роден во Белград, 1949 година. Дипломирал на Архитектонскиот факултет во Скопје, а студирал и Историја на уметноста на скопскиот Филозофски факултет. Живее и работи, како самостоен уметник, во Скопје и Капри, Италија.

**Творештвото на Узуновски се карактеризира со дела работени во различни дисциплини и ликовни правци – од концептуални дела до реалистички слики со мотиви од стари урбани јадра. Оваа изложба – која опфаќа презентација на повеќе од сто дела – е ретка прилика на едно место (целиот изложбен простор на Музејот) да се видат сите области на неговото ликовно интересирање, дела изведувани и изложувани во различни простори и галерии кај нас и во светот. Симон Узуновски реализирал десетина самостојни изложби во Скопје (една во Сараево) и педесетина камерни изложби на островот Капри.**



По повод оваа изложба ќе биде објавен каталог со текстови од ликовните критичари Л. Плавевски, М. Поповиќ и З. Петровски (преведени на англиски и италијански) и со 27 колор репродукции. Изложбата по скопската премиера (ќе трае до 19 идниов месец) ќе биде пренесена во Битола, Ресен, Охрид, Штип, Куманово, како и во Италија (Капри, Анакапри, Позитано, Амалфи, Прошида).

З. Л.